ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-213/
01-06 2023 год
СКОПЈЕ

Друштво за трговија и услуги
КОМПАНИВАЛ ДООЕЛ
Бр. 0307-01
01.06. 2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за користење податоци и информации

Склучен помеѓу:

1) **ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје,** со **седиште** на Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 1, Скопје, со ЕМБС 5549850 застапуван од директорот Марија Бошковска Јанковски (во понатамошниот текст: **Давател на податоци**).

**и**

2) **ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ КОМПАНИВАЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште** на ул. Јордан Хаџи Константинов Џинот Бр.3 Скопје, со ЕМБС 7663633, застапувано од Клемен Кључн, управител, преку полномошник Адвокат Јасмина Брезовска од Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје (во натамошниот текст: **Корисник на податоци).**

Корисникот на податоци и Давателот на податоци секој посебно во Договорот како Договорна страна, а заедно како Договорни страни.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој Договор, се утврдуваат правата и обврските на Договорните страни во врска податоците и информациите кои Давателот на податоци се обврзува да ги доставува за потребите на Корисникот на податоци.

Со овој Договор се регулираат начинот и условите под кои договорните страни ќе соработуваат при користењето на податоци и информации содржани во регистрите на Давателот на податоци, а за потребите на Корисникот на податоци.

Податоците кои ќе се разменуваат согласно овој Договор се наведени во Прилог 1- Спецификација на податоци кои Давателот ќе ги доставува до Корисникот преку веб сервиси и Прилог 2- Спецификација на податоци кои Давателот ќе ги доставува еднократно на ЦД медиум.

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Договорот, заедно со прилозите кои се составен дел на Договорот, се напишани на македонски јазик со кирилско писмо.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вредноста на предметот е искажана во Прилог 1 и Прилог 2 кои се составен дел на овој Договор.

Податоците од Прилог 1 се со вкалкулиран попуст на минималниот сет на податоци, согласно член 1 и 2 од Тарифата на давателот на податоци.

Минималниот сет на податоци го утврдува Корисникот и истиот е прикажан во Прилог 1.

Пресметковниот период за податоците од Прилог 1 изнесува 12 месеци сметано од денот на потпишување на Протокол за отпочнување на користење на податоците во реална околина како момент на отпочнување на пресметковниот период.

Вредноста на податоците од Прилог 2 ќе бидат со вкупна вредност од 4.000.000,00 денари, согласно Тарифата на Централниот регистар.

## НАЧИН И УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Корисникот на податоците, во рок од 15 дена од денот на потпишувањето на Договорот од двете страни, се обврзува да уплати 50% од вкупната вредност за пресметковниот период од 1 (една) година со вкалкулиран попуст на минималниот сет на податоци утврден во Прилог 1 на една од сметките на Давателот на податоци објавени на веб страницата www.crm.org.mk.

Останатите 50% од вкупната вредност за пресметковниот период од 1 (една) година со вкалкулиран попуст на минималниот сет на податоци утврден во Прилог 1, Корисникот на податоци се обврзува да ги уплати непосредно пред овозможување пристап во реална околина односно пред потпишување на Протоколот за отпочнување на користење на податоците во реална околина.

**Член 5**

Доколку Корисникот на податоците има потреба од користење на податоци за дополнителен пресметковен период после истекот на периодот дефиниран во член 3, став 4, врз основа на претходно склучен Анекс-договор или нов Договор, за секој нареден пресметковен период, уплатата за услугата со вкалкулираниот попуст согласно членот 2 од Тарифата на Давателот на податоци, за минималниот сет на податоци за секој производ наведен во Прилог 1, ќе ја врши целосно и однапред најдоцна 5 (пет) дена пред почетокот на наредниот пресметковен период, на една од сметките на Давателот на податоци.

Доколку Корисникот на податоци не постапи согласно став 1 од овој член, веб сервисот нема да биде активен и испораката на услугите ќе биде прекината на денот на истекот на важноста на Договорот, односно на денот на истекот на пресметковниот период.

**Член 6**

Доколку Корисникот на податоци, за времетраење на Договорот, искористи повеќе податоци од утврдениот минимален сет на податоци во Прилог 1, се обврзува износот на дополнително искористените податоци да го плати најдоцна 5 (пет) дена од истекот на пресметковниот период по цена утврдена со конечна збирна пресметка за сите дополнително искористени податоци согласно членот 2 од Тарифата на Давателот на податоци за секој производ наведен во Прилог 1.

Давателот на податоци на секои три месеци со писмено известување ќе го информира Корисникот на податоци за бројот на направени трансакции од производите опфатени во Прилог 1. Доколку Корисникот на податоци искористи повеќе податоци од утврдениот минимален сет на податоци од Прилог 1, се обврзува износот на дополнително искористените податоци да го плати најдоцна 5 (пет) дена од писменото известување доставено од страна на Давателот на податоци до Корисникот на податоци, со вкалкулираниот попуст дефиниран во Прилог 1, за минималниот сет на податоци за секој производ соодветно.

За дополнително искористените податоци на крајот на пресметковниот период, односно по истекот на важноста на Договорот, Давателот на податоци ќе изготви и достави до Корисникот на податоците Конечна пресметка во која ќе биде наведен бројот на дополнително искористените податоци и висината на надоместокот кој што Корисникот на податоци треба да го доплати, со вкалкулираниот попуст дефиниран во Прилог 1, за минималниот сет на податоци за секој производ соодветно.

**Член 7**

Надоместокот за вредноста на предметот на Договорот утврден во Прилог 2, Корисникот на податоци е согласен да го уплати најдоцна 5 дена од денот на потпишување на Договорот.

## НАЧИН И ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Корисникот на податоци ќе ги користи податоците и информациите од Регистарот за годишни сметки и Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кои се водат кај Давателот на податоци и кои истиот, согласно Прилог 1 и Прилог 2, ќе ги доставува до Корисникот на податоци, согласно негови потреби.

Барањата од Корисникот на податоци утврдени во Прилог 1 од Договорот ќе бидат во однапред определена структурирана електронска форма и Давателот на податоци автоматски ќе ги обработува во реално време.

Давателот на податоци ќе му достави на Корисникот на податоци детално упатство за условите, формата и начинот на користење на податоците.

Преносот на податоци ќе се одвива исклучиво преку виртуелна приватна телекомуникациска линија – конекција преку интернет која обезбедува високо ниво на доверливост и заштита на податоците.

Податоците утврдени во Прилог 2 од Договорот, Давателот ќе ги достави еднократно на ЦД медиум, во рок од 5 (пет) дена од уплатата на надоместокот утврден во Прилог 2, а согласно член 7.

**Член 9**

Давателот на податоци се обврзува покрај реалната околина за користење на податоци да обезбеди и околина за тестирање на користењето на податоци.

Развојот на тест околина од страна на Давателот на податоци ќе почне по извршената уплата на првите 50% од вредноста на минималниот сет на податоци утврден во Прилог 1 за пресметковниот период, при што Давателот на податоци

развојот на тест околина ќе го заврши во период не подолг од 2 (два) месеци од денот на уплатата на износот од овој став. Тестирањето од страна на Корисникот на податоци не може да трае подолго од 3 месеци од добиено известување за завршен развој на сите производи на тест околина.

По успешно завршување на тестирањето и веднаш по извршената уплата на останатите 50% од вредноста на минималниот сет за пресметковниот период, договорните страни се обврзуваат да потпишат Протокол за отпочнување на користење на податоците во реална околина како момент на отпочнување на пресметковниот период.

**Член 10**

Доколку Давателот на податоци не ја развие тест околината во рокот предвиден во член 9 став 2, согласен е надоместокот уплатен за минималниот сет на податоци платен согласно член 4 став 1 и член 9 став 2 на овој Договор, да му биде вратен на Корисникот на податоци.

Доколку Корисникот на податоци не заврши со тестирањето во утврдениот рок или по завршување на тестирањето во утврдениот рок не биде во можност од било кои причини да премине во реална околина, согласен е надоместокот уплатен за минималниот сет на податоци платен согласно член 4 став 1 и член 9 став 2 на овој Договор, да не биде вратен од страна на Давателот на податоци.

**Член 11**

За одговорни лица за реализација на овој Договор и лица за контакт, договорните страни ги определуваат:

- од Корисникот на податоците:

- Станко Коруноски (Регистри-услуги), раководител на Сектор за водење регистри, e-mail: stanko.korunoski@crm.org.mk, тел: 078-490-200;
- Ангелина Попоска – раководител на Одделение за задолжница, angelina.poposka@crm.org.mk, тел: 078-491-499;
- Гајтана Касапоска Сотировска (Техничка комуникација), раководител на Сектор за информатичка технологија, e-mail: gajtana.k.sotirovska@crm.org.mk, тел: 075-284-051;
- Борче Наумовски (Техничка комуникација), раководител на Одделение за поддршка на регистарски и деловно процесни системи, е-услуги и корисници, e-mail: borce.naumovski@crm.org.mk, тел: 075-284-272;
- Никола Арсов (Техничка комуникација), инженер за дизајн на софтверска инфраструктура, e-mail: nikola.arsov@crm.org.mk, тел: 078-490-273 и
- Маја Лазаровска- раководител на Одделение за водење на годишни сметки, maja.lazarovska@crm.org.mk, тел: 078-490-007.

- од Давателот на податоците:
  - Клемен Кљун, сопственик и управител, e-mail: klemen@companywall.com

Доколку настане промена кај лицата определени за спроведување и реализација на било која Договорна страна, Договорната страна е обврзана да ја извести другата Договорна страна најдоцна во рок од 5 (пет) дена од настанатата промена.

## ТОЧНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ, НАЧИН НА НИВНА РАЗМЕНА И ЗАШТИТА ОД ЗЛОУПОТРЕБА

**Член 12**

При подготовката на податоците ќе се користат официјалните податоци од регистрите и базите на податоци што се водат кај Давателот на податоци, кои се неревидирани и кои субјектите согласно закон ги доставуваат до истиот.

Податоците и информациите кои Давателот на податоци ќе ги доставува до Корисникот на податоци имаат претпоставена точност и вистинитост и се класифицираат од страна на Давателот на податоци.

За точноста и вистинитоста на податоците внесени во регистрите на Давателот на податоци одговара подносителот на пријавата за упис во регистрите, односно оној кој ги доставил податоците за упис во регистрите.

**Член 13**

Податоците и информациите, роковите, динамиката, начинот на доставување, вредноста на Договорот и начинот на плаќање се утврдени во Прилог 1 и Прилог 2 кон овој Договор.

**Член 14**

Корисникот на податоци, добиените податоци од Давателот на податоци може да ги користи на начин определен со Законот за Централен регистар односно со друг закон за сопствени потреби и должен е да ги заштити од неовластено користење односно злоупотреба.

Корисникот на податоци нема право податоците, односно базите на податоци добиени од Давателот да ги репродуцираат, објавуваат, дистрибуираат, копираат, продаваат, препродаваат и/или злоупотребуваат комерцијално на било кој начин во изворна и необработена форма. Истите не смее да ги пренесува на други физички и правни лица, особено на субјекти основани од Корисникот на податоци, субјекти кои имаат иста сопственичката или раководна структура со Корисникот на податоци, субјекти со заинтересирана страна, други поврзани субјекти, субјекти основани и раководени од лица во роднинска врска со основач или овластено лице на Корисникот на податоци, како и било кои други физички и правни лица преку кои се остваруваат и задоволуваат одредени лични интереси.

Во случај на непочитување на одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член, Давателот на податоци ќе го раскине Договорот и има право да бара надомест на штета.

## ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ

**Член 15**

Договорните страни се обврзуваат дека сите податоци/информации до кои имаат пристап, кои се означени како деловна тајна или утврдени како класифицирана информација, взаемно ќе ги штитат и нема да ги откриваат и ќе ги користат исклучиво за потребите и во функција на реализирање на предметот на овој Договор.

Двете Договорни страни со овој Договор се обврзуваат при реализација на истиот да се придржуваат кон прописите за безбедност на информации односно за заштита на личните податоци.

## ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Член 16**

Корисникот на податоци ќе обезбеди заштита на личните податоци на субјектите на податоци, согласно со законската и подзаконската регулатива за заштита на личните податоци и ќе преземат соодветни административни, технички и организациски мерки за заштита на личните податоци.

Корисникот на податоци се обврзува дека при обработката ќе постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на Давателот на податоци при што задолжително:

- Личните податоци во постапката на склучување и реализација на овој Договор ќе ги обработува единствено во согласност со упатства кои ќе ги добива од Давателот на податоци;
- По истекот и/или реализацијата на предметот на овој Договор, односно по реализација на целта заради која биле собрани или обработени личните податоци кои се сопственост на Давателот на податоци, ќе преземе мерки за враќање, бришење или нивно уништување во согласност со прописите за заштита на личните податоци и упатствата добиени од Давателот на податоци;
- Ќе определи лица овластени за обработка на личните податоци поврзани со реализацијата на овој Договор;
- Ќе применува соодветни технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на ниво кое е во согласност со прописите за заштита на личните податоци, а за податоците кои во име и за сметка на Давателот на податоци ги обработува со цел да обезбеди заштита од случајно, намерно или незаконско уништување или губење на личните податоци или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, како и заштита при нивниот пренос и од какви било незаконски облици на обработка.

Корисникот на податоци, не може да ги пренесе правата и должностите пропишани со овој Договор на друг обработувач на личните податоци.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 17**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на спроведувањето на овој Договор.

Договорните страни при реализирање на Договорот, ќе ги преземат сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупција и отстранување или намалување на штетните последици од истата

## НАЧИН НА ВРШЕЊЕ ПРОВЕРКА

**Член 18**

Договорните страни се согласни дека Давателот на податоци ќе може во било кое време, најавено или ненајавено (освен во невреме), однапред договорено или не договорено, да изврши проверка на постапувањето на Корисникот на податоци при обработката на податоците односно на личните податоци, со цел да се провери дали се почитуваат постапките и упатствата од овој Договор од страна на Корисникот на податоци како и дали се применуваат потребните технички и организациски мерки во согласност со прописите за безбедност на информации односно заштита на личните податоци.

За извршената проверка од став 1 на овој член Давателот на податоци подготвува Записник и доколку се утврдени одредени недостатоци, договорните страни се согласни дека Корисникот на податоци ќе ги отстрани во рок и на начин со инструкции и упатства од страна на Давателот на податоци.

## ВИША СИЛА

**Член 19**

Ниту една договорна страна не се смета за одговорна за доцнење или неуспех во извршување на обврските, во случај на причини надвор од нејзина контрола (Виша сила).

За Виша сила се сметаат сите ситуации кои се предизвикани од надворешни, непредвидливи и неотстранливи околности, особено (но не ограничувајќи се на): штети предизвикани од елементарни непогоди: ветер, пожар, поплава, гром и земјотрес; штрајкови, карантин и сл., на начин како што е регулирано со Законот за облигационите односи на Република Северна Македонија.

Во случаите кога настапила Виша сила договорната страна е должна во рок од 24 часа писмено да ја извести другата договорна страна, со наведување на причините и обезбедување на соодветни докази. По добиеното известување, договорните страни ќе договорат нови услови за реализирање или раскинување на Договорот.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ, РАСКИНУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 20**

Овој Договор се склучува за период од 1 (една) година, сметано од потпишувањето на Протоколот за отпочнување на користење на податоците од

Прилог 1 во реална околина, и за период од 1 (една) година од денот на потпишување на Договорот од страна на двете Договорни страни за податоците од Прилог 2.

Договорот може да се раскине спогодбено, или поради неисполнување на договорните обврски на една од договорните страни. Доколку некоја од договорните страни пропушти да исполни некоја од договорните обврски или не ја исполни навремено или соодветно, другата договорна страна за тоа писмено ќе ја извести и ќе и остави рок од најмногу 30 (триесет) дена за исполнување на обврските. Доколку некоја од договорните страни не ги исполни обврските во дополнително оставениот рок, другата договорна страна може да го раскине Договорот со писмено известување и без отказен рок.

Доколку Корисникот на податоци не го уплати определениот износ утврден со овој Договор, на начин како што е утврден согласно Прилог 1 и Прилог 2, Давателот на податоци може да го раскине Договорот, врз основа на претходно писмено предупредување во кое ќе му биде даден дополнителен рок на Корисникот на податоците од 7 (седум) дена.

Корисникот на податоците има право да го раскине Договорот со писмено известување и со отказен рок од 30 (триесет) дена.

Корисникот на податоците има право да го раскине Договорот и доколку тестирањето од член 9 од овој Договор не заврши успешно, без обврска за натамошни и дополнителни плаќања кон Давателот на податоци.

Корисникот на податоците има право да го раскине Договорот доколку Давателот на податоци не ја развие тест околината во рокот предвиден во член 9 став 2 при што Давателот на податоци е обврзан да го врати надоместокот уплатен за минималниот сет на податоци платен согласно член 4 став 1 и член 9 став 2 на овој Договор во рок од 15 дена од денот на известувањето за раскинување.

Овој Договор може да биде дополнет и изменет единствено во писмена форма и сите измени ќе бидат дел од оригиналниот текст откако ќе бидат потпишани двете договорни страни. Никаква измена на условите на овој Договор нема да биде валидна доколку не е прифатена со согласност на двете договорни страни.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 21**

За сé што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

**Член 22**

Во случај на спор, кој што евентуално би настанал во текот на извршувањето на овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

ИЗВРШНА КЛАУЗУЛА

Член 23

Корисникот на податоци е согласен овој Договор со Прилог 1 и Прилог 2 кои се составен дел на Договорот да претставува извршна исправа, така што доколку Корисникот на податоците постапува спротивно на одредбите од овој Договор, односно ги користи за комерцијални цели во изворна и необработена форма податоците од Давателот, во тој случај Давателот на податоци да може да поведе присилно извршување кај надлежен извршител, а предмет на извршување да биде севкупниот имот на Корисникот на податоци, подвижен и неподвижен и сите средства на сметки во банки.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Овој Договор влегува во сила со денот на потпишувањето на двете договорни страни, а ќе се применува по неговото заведување кај Нотар .

Член 25

Овој Договор се склучува во 4 (четири) еднакви примероци, по 2 (два) за секоја договорна страна.

за Давателот на податоци
Директор,
Марија Бошковска Јанковски

за Корисникот на податоци
Управител,
Клемен Кљун/ преку
Полномошник
Адвокат /Јасмина Брезовска
Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје

## ПРИЛОГ 1

### Спецификација на податоци – производи

Во рамките на сите четири производи опишани во Прилог 1 како субјекти од интерес на Корисникот на податоци од страна на Давателот на податоци ќе бидат опфатени податоци за правни субјекти со следните организациони облици:

05.5 Акционерско друштво
05.3 Друштво со ограничена одговорност,
05.4 Друштво со ограничена одговорност едно лице,
05.1 Јавно трговско друштво,
05.2 Командитно друштво,
05.6 Командитно друштво со акции,
05.10 Поедноставено друштво со ограничена одговорност,
05.8 Подружница на странско друштво,
05.7 Стопанска интересна заедница
05.9 Трговец поединец
46 Заштитно друштво
06.1 Банка
06.2 Штедилница
06.9 други финансиски организации

1. **Производ 1** – Тековна состојба на сметки на субјект добиени од единствениот регистар на трансакциски сметки (иницијална состојба) за субјекти.

   i. Влезен критериум: ЕМБС

   ii. Излез: Податоци од тековната состојба на сметки на субјекти добиени од единствениот регистар на трансакциски сметки
   Овие податоци, како иницијална состојба, еднократно ќе бидат доставени до Корисникот на податоци.

   **Производ 2** – Известување за настаната промена за субјекти од интерес (Листа со промени кај субјектите од интерес која ќе се бара и добива еднаш дневно со користење на веб сервис и ќе се однесува на промените реализирани пред денот на барањето)

   i. Влезен критериум: Датум на промена

   ii. Излез: ЕМБС, Тип на промена ( основање, промена, бришење), Датум на одобрување на деловоден број на промена.

**Производ 3**- Податоци од Тековната состојба за субјектите од интерес на Корисникот на податоци

i. Влезен критериум: ЕМБС

ii. Излез: Податоци од Тековна состојба.

**Производ 4**- Информација за отворени, затворени трансакциски сметки, блокади/ деблокади на трансакциски сметки ( Листа со промени кај сметките на субјектите од интерес која ќе се бара и добива еднаш дневно со користење на веб сервис и ќе се однесува на промените реализирани пред денот на барањето).

i. Влезен критериум: Датум на промена;

ii. Излез: ЕМБС, сметка,Тип на промена (отворена/промена, затворена, блокада/деблокада), Датум на промена

Минимален сет на податоци на годишно ниво:

| **Опис на производот** | **Единечна цена по услуга (денари)** | **Годишен сет на услуга (податоци)** | **Вкупна годишна цена на услуга без попуст (денари)** | **Попуст согласно член 2 од Тарифата на ЦР на РСМ** | **Вкупна годишна цена за услуга со вкалкулиран попуст (денари** | **Вкупно (денари)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тековна состојба на сметки на субјект добиени од единствениот регистар на трансакциски сметки(иницијална состојба)- ставка 69 | 139,00 | 75000 | 10.425.000,00 | 90% | 1.042.500,00 | 1.042.500,00 |
| Електронско известување за настаната промена за субјект- ставка 136- г[1] | 40,00 | 30000 | 1.200.000,00 | | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 |
| Податоци од тековна состојба за правни | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| субјекти од трговски регистар (тековна состојба, основања, промени и бришења)- ставка 60 | 256,00 | 30000 | 7.680.000,00 | 90% | 768.000,00 | 768.000,00 |
| Информација за отворени, затворени трансакциски сметки, блокади/ деблокади- ставка 62 | 101,00 | 50000 | 5.050.000,00 | 90% | 505.000,00 | 505.000,00 |
| Вкупно | | | | | | 3.515.500,00 |

**за Давателот на податоци**
**Директор,**
Марија Бошковска Јанковски

**за Корисникот на податоци**
**Управител,**
Клемен Кљун/ преку
Полномошник
Адвокат Јасмина Брезовска
Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје

**ПРИЛОГ 2**

**ВИД, РОКОВИ, ВРЕДНОСТ, НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ, ДИНАМИКА И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ/РАЗМЕНА НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ**

**А. ВИД НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ И РОКОВИ ЗА НИВНО ДОСТАВУВАЊЕ/РАЗМЕНА**

1. Давателот на податоци до Корисникот на податоци ќе ги достави податоците од сите обработени годишни сметки за пресметковна 2022 година (со вклучени податоци и од годишните сметки за пресметковна 2021 година).

Податоците од точка еден Давателот на податоци ќе ги изготви и достави до Корисникот на податоци во рок од 5 (пет) дена од извршената уплата од точка Б од Прилог 2 и со состојба на 15 јули, 15 септември и 15 декември за сите дополнително поднесени и корегирани, а обработени годишни сметки, во рок од 10 (десет) работни дена соодветно по секој од наведените датуми.

Податоците од точка 1 ќе бидат изготвени во електронска форма во формат погоден за бази на податоци (MS Access, Excel или друг формат) и ќе се доставаат на CD/DVD медиум.

Б. ВРЕДНОСТ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Податоците од точка 1 од овој Прилог, ќе бидат со вкупна вредност од 4.000.000,00 денари, согласно Тарифата на Централниот регистар.

Начинот на плаќање на податоците од точка 1 од овој Прилог е:
Корисникот е должен вкупна вредност од 4.000.000,00 денари да ја уплати на една од трансакциските сметки на Давателот на податоците во рок од 5 (пет) дена од денот на потпишување на Договорот од страна на двете Договорни страни.

**за Давателот на податоци**
**Директор,**
Марија Бошковска Јанковски

**за Корисникот на податоци**
**Управител,**
Клемен Кљун/ преку
Полномошник
Адвокат Јасмина Брезовска
Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје